# Кој ќе земе абдест како мојот абдест, а потоа ќе клања два реката, не размислувајќи за ништо друго за време на нив, Аллах ќе му ги прости неговите претходни гревови

Од Хумран, слугата на Осман бин Афан, се пренесува дека тој видел како Осман бин Афан побарал вода за абдест. Тој истурил вода од садот по рацете и ги измил трипати. Потоа ја внел својата десна рака во садот, па ја исплакнал устата, вшмукал вода во носот и ја издувал. Потоа го измил своето лице трипати, рацете до лактите трипати, потоа (со влажни раце) ја поминал својата глава , а потоа ја измил секоја нога по трипати, па рече: „Го видов Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како зема абдест на овој начин, и рече: ‚Кој ќе земе абдест како мојот абдест, а потоа ќе клања два реката, не размислувајќи за ништо друго за време на нив, Аллах ќе му ги прости неговите претходни гревови.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Осман, Аллах да биде задоволен со него, ја објаснил постапката на абдестот на Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, на практичен начин за појасно разбирање. Побарал вода во сад, ја истурил трипати на своите раце, потоа ја внел својата десна рака во садот и зел вода, со која ја исплакнал устата и ја исфрлил. Потоа ја вовлекол водата со здив во внатрешноста на носот, ја исфрлил и го исчистил. Го измил лицето трипати, па ги измил рацете заедно со лактите трипати. Потоа со рака намокрена со вода ја поминал главата само еднаш, и на крајот ги измил нозете заедно со глуждовите трипати. Кога завршил, Аллах нека е задоволен со него, им кажал дека го видел Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, како зема исто на тој начин абдест. Потоа, Пратеникот, салаллаху алејхи ве селем, ги израдувал со веста дека оној кој ќе земе абдест на овој начин и ќе клања два реката, со смиреност и со срцето потполно посветено на својот Господар, Возвишениот, Аллах ќе го награди за потполниот абдест и за искрениот намаз, со простување на сите претходни гревови.

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY

لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC
E-Da'wah Committee